# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2017 ГОДИНА

**Февруари, 2018 година**

## Содржина


1 Регулаторна рамка 5
2 Усогласувања со меѓународни стандарди и барања 6
3 Надлежности и организација 7
 3.1 Основи 7
 3.2 Административни постапки 7
 3.3 Безбедност и комуникација 8
 3.4 Информациска и комуникциска технологија (ИКТ) 9
 3.5 Управување со финансиски и нефинансиски ресурси 10
4 Човечки ресурси 12
 4.1 Основи 12
 4.2 Број на вработени 12
 4.3 Обуки и стручно оспособување 13
  4.3.1 Листа на обуки 13
 4.4 Интегритет 15
 4.5 Наградување и унапредување 15
5 Инспекциски надзор 15
 5.1 Административен капацитет за вршење инспекциски надзор 15
 5.2 Остварување на претпоставките за проценките на ризици во областите на инспекциски надлежности 15
 5.3 Координирани инспекциски надзори 16
 5.4 Инспекциски надзор
  5.4.1 Записници за инспекциски надзор
  5.4.2 Записници со запрена постапка 19
  5.4.3 Инспекциски мерки и санкции
  5.4.4 Субјекти на инспекциски надзор 20
  5.4.5 Инспекциски надзори по закони
  5.4.6 Статус на управни решенија и прекршочни и кривични пријави 22
6 Транспарентност и соработка 23
 6.1 Односи со медиумите 23
 6.2 Интернет страница 24
 6.3 Пријавени неправилности 24
 6.4 Граѓански дневник 24
 6.5 Претставки и предлози и слободен пристап до информации 24
 6.6 Соработка со други инспекциски служби, државни институции и единици на локалната самоуправа 25
 6.7 Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите 25
 6.8 Меѓународна соработка 26
 6.9 Соработка со образовни и научни институции 26

Врз основа на член 15 став (8) од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на РМ" бр. 50/10, 161/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16 и 11/18), директорот на Државниот Инспекторат за животна средина донесе

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2017 ГОДИНА

### Резиме

Државниот Инспекторат за животна средина во текот на 2017 година согласно легислативата вршеше континуирани инспекциски надзори со трите видови инспектори за животна средина, води и природа кај правни субјекти кои подлежат на надзор.

Во текот на целата 2017 година како континуиран процес отпочнат на почетокот на 2015 година, работеше посветено на структурни и организациски реформи за модернизација и зајакнување на административните капацитети на инспекторатот како и перформансите на овластените општински инспектори за животна средина, преку зголемување на одговорноста при реализација на инспекциските надзори и ефикасност во превземените чекори, како и подобрување на контактите со јавноста, индустријата, и граѓанскиот сектор. Овие активности се реализираа во рамки на Годишната програма за работа на Државниот Инспекторат за животна средина.

Согласно европските трендови, посебно внимание се посветуваше на Интегрираната процена на влијанијата врз животната Средина односно новата Директива за Индустриски емисии која е т.н "чадор" директива на останати осум ЕУ директиви, како и на заштитата на водите и природата, посебно заштитените подрачја, трите Национални Паркови.

На полето на меѓународните активности, Инспекторатот беше посебно активен, со успешно и активно учество на повеќе настани во рамки на меѓународните мрежи и проекти и тоа ЕУ-IMPEL (Мрежа за применливост и

спроведување на европското законодавство за животна средина, мрежа на инспекторатите за животна средина на ЕУ земјите и земјите со кандидатски статус), проектот TECUM за борба против организираниот криминал во животната средина. Во текот на втората половина на 2017 година беа одобрени 3 проекти во рамки на ЕУ Interreg-Balkanmed Програмата каде ДИЖС е партнер односно обсервер во реализација на активностите за квалитетот на амбиентниот воздух, потоа биодиверзитет-водни живеалишта и мапирање на водните живеалишта.

Во текот на 2017 година, Државниот Инспекторат за животна средина продолжи со спроведувањето на процесот на применливост и спроведување на легислативата на Европската Комисија во легалниот код на Република Македонија, припремајќи ги вработените за членство во ЕУ преку процесот на преговори, а во согласност со Акционата програма за животна средина на ЕУ и Препораките на Европската Комисија од 2001 година за Минимум Критериуми за Инспекциите за животната средина и природа.

Во 2017 година беше по втор пат иницирана на интернет страната на ДИЖС Нацрт верзијата на новиот Предлог Закон за инспекција во животната средина, а неопходноста од негово донесување беше посебно нотирана и во ЕУ Извештајот за напредокот на РМ во Поглавјето 27-Животна средина.

Во текот на 2017 година Инспекторатот реализираше вкупно 2.451 инспекциски надзор, донесе 278 решенија, 5 едукации, 6 мандатни казни, 32 порамнувања, 24 прекршочни и 1 кривична постапка.

Годината, ДИЖС ја заврши со финансиски минус од 1 милион денари, кој беше главен проблем за ефикасно функционирање на Инспекторатот и реализација на програмските активности. Благодарение на огромните напори кои беа вложени од страна на Инспекторатот во изготвувањето на предлог буџетот и образложението од потребата за истиот, Владата на РМ одобри за 2018 година дополнителни 10 милиони денари, пред се поради важноста од спроведувањето на законодавството. Еден од посериозните предизвици беше немањето нова систематизација каде ќе се предвидат одделение за финансови прашања, човекови ресурси и останати работни позиции, потоа помлади инспектори, а исто така немаше воопшто унапредувања на постоечките вработени, како и нови вработувања, односно сеуште недостасува раководен персонал кој ќе биде линк помеѓу вработените и директорот.

## 1. Регулаторна рамка

Согласно НПАА програмата за усвојување на правото на Европската Унија, ресорното Министерство за животна средина и просторно планирање кое е надлежно за изготвување закони и подзаконски акти, во текот на изминатата 2017 година немаше извршено измени и дополни на законите и подзаконските акти од предметната област.

Сите релеватни податоци околу регулативата се поместени на следниот линк на Министерството за животна средина и просторно планирање, http://www.moepp.gov.mk/?page_id=901.

ДИЖС дополнително ги користи услугите на Интернет порталот Академика каде веднаш се изготвуваат консолидирани верзии на сите закони, како и подзаконски акти.

## 2. Усогласување со меѓународни стандарди и барања

Во рамки на ЕУ Твининг Проектот (јануари 2015-август 2016) согласно планираните активности во една од компонентите кои се и една од поважните цели на проектот, беше изготвен Нацрт Закон за инспекција во животната средина, чие носење беше планирано во текот на 2016 година низ регулаторната процедура, за да истиот повторно биде иницирран во текот на 2017 година по втор пат со новата Влада на РМ, но неговото усвојување сеуште не е реализирано. Предлог Законот е објавен на Интернет страната на Инспекторатот и ЕНЕР-Електронскиот Национален Регистар на прописи на Владата на Република Македонија.

Со законското решение се врши усогласување и приближување кон стандардите на ЕУ во оваа област за планирање, известување, реализација на самите надзори итн., како и комплетно усогласување со материјалните закони од областа на животната средина во нашата држава и одредбите од Законот за инспекциски надзор при водењето на инспекциската постапка. Секако од големо значење се документите кои претходеа на предлог законот за иднината на инспекцискиот надзор во оваа област во нашата земја при што беше анализирана моментната состојба на двете нивоа и беа предложени повеќе реформски модули како визија за блиска иднина.

Следењето на нивото на спроведување на законодавството на двете нивоа е значајна одредба која меѓудругото се обработува во предлог законот.

Останати проекти, односно активности во рамки на усогласување со меѓународни стандарди и барања не се реализирани во текот на 2017 година.

## 3. Надлежности и организација

### 3.1. Основи

-Закон за животната средина

-Закон за водите

-Закон за заштита на природата

-Закон за инспекциски надзор

-ПРАВИЛНИК за внатрешна организација на Државниот инспекторат за животна средина, декември 2015 година 04-5762/1.
-ПРАВИЛНИК за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за животна средина, декември 2015 година 04-5762/1.

Во текот на 2017 година не се вршени промени во делот на надлежности и организација на Инспекторатот.

Стратешка определба: Зголемување на нивото/степенот на спроведување на законодавството од предметната област и целосно усогласување со препораките од Резолуцијата за Минимум Критериуми за инспекциските служби од животната средина од ЕК од 2001 година..

### 3.2. Административни постапки

Целосното архивско, канцелариско и административно работење на Инспекторатот е регулирано согласно законодавството од оваа област, додека инспекциската постапка е регулирана со Законот за инспекциски андзор, како и материјалните закони од трите подобласти, животна средина, води и природа и останати општи закони. ДИЖС не води управна постапка, односно не издава никакви управни акти (дозволи, мислења, одобренија итн).

Административните постапки се евидентираат во уписник (УП), додека пак инспекциските постапки се евидентираат електронски и писмено во посебен уписник ИП 1-Инспекциска постапка во прв степен согласно законодавството за архивско и канцелариско работење.

Во ДИЖС постојат посебни лице кои се задолжени за извршување на горенаведените работи, архивско и административно работење меѓу кое е и континуираното ажурирање на Образец бр.11, кој редовно се доставува по електронски пат до Инспекциски совет.

Секторот за координација на работата на ДИЖС во текот на 2017 година работеше со 6 административни лица, кои изготвија Планови за архивирање, Евиденција на документарен материјал од трајна вредност, Годишна програма за генерички обуки на административниот дел на ДИЖС, потоа учествуваа во изготвување на дел од финансиските документи, подоготвка на Електронскиот Систем за човечки ресурси на МИОА-HRMIS, припрема на јавните набавки на ДИЖС, материјален и финансов попис, а исто така целосно ја координираа работата со сите потребни докуемнти и комуникацијата на ДИЖС со ИС, Годишна Програма з аработа, Годишен Извештај, Водење на Регистрите, изготвување на периодични информации, квартални планови и извештаи, меѓународна кореcподенција со проекти и мрежи, изготвување на останати анализи итн.

Во ДИЖС не се спроведуваат процедури согласно ISO стандард.

### 3.3.Безбедност и комуникација

Комуникацијата помеѓу вработените се одвива по електронски пат, етаблирана е посебна Интернет виртуелна мрежа-VoIP за читање на посебните Податочни Сервери (2, два) лоцирани во централните простории на инспекторатот во Скопје, а во рамки на Бизнис системот постои и посебна алатка за Share Point, односно идентично како Skype Бизнис, што претставува уште една форма на комуникација помеѓу вработените со модерните или SMART електронско-информативни алатки за бесплатна и брза комуникација на сите вработени.

Во текот на 2017 година е реализирана надградба на серверите од ИКТ опремата на Инспекторатот при што беа вградени два диска од 1ТВ на storage sinology. Целосно е поставен и тестиран уредот и приклучен е на domain. Креирани беа и share-фолдери за сите корисници во Инспекторатот. Поставени се т.н shortcut на сите деск компјутери, со што е обезбедена целосна комуникација со серверите од Скопје кон сите 9 надворешни канцеларии низ државата (Гостивар, Тетово, Охрид, Битола, Гевгелија, Струмица, Велес, Пробиштип и Куманово).

Останати безбедносни системи не се воспоставени во Инспекторатот. Централните простории, односно седиштето на Инспекторатот каде е сместена и серверската опрема е во Стариот Објект на Стара Комерцијална Банка, каде е сместен и Секретаријатот за Европски прашања и има 24 часовно обезбедување на пријавницата од страна ан МВР-Полиција.

### 3.4. Информациска и комуникациска технологија

Во текот на 2017 година врз основа на донација од Европската Унија во рамки на јавна набавка од 2015 година, Државниот Инспекторат за животна средина како посебна набавка работеше на подобрување на почетната верзија т.н Бизнис Систем за управување со податоци со два модула за инспекциска и архивска постапка, односно седум изработени процеси со комплет упатства за користење. Во рамките на ЕУ Твининг Проектот беше реалиизрана и посебна обука за сите вработени. Системот сеуште е во иницијална тест фаза.

Во рамки на Твининг проектот беше изготвен посебен документ за продолжување на наградбата на Системот како втор дел од ИТ системот. Овој документ беше изготвен од страна на ИТ Експерти од ЕУ.

ДИЖС уште во 2016 година целосно ги промени застарените компјутери во инспекциската служба, така да во моментов сите вработени работат со нови деск компјутери. Исто така сите канцеларии се опремени со печатари, а централата во Скопје поседува покрај мрежен печатар, колорен печатар и мултифункционален копир и печатар. ДИЖС користи 2 сервери сместени во посебен орман, 35 деск компјутери (од кои 5 се дадени на реверс на Министерството за животна среидна и просторно планирање, Одделението за IPA), а во функција се и 12 лаптоп/преносни компјутери, 12 црно-бели печатари, 1 мултифункционален печатар со фотокопир, 1 колорен печатар, а и ДИЖС од опрема поседува и LCD видео проектор со платно.

Во рамки на Буџетот за 2018 година е планирана ставка за ИКТ надворешно одржување, хардверско и софтверско, а во текот на 2017 година беа набавени и тонери за непречено функционирање во текот на 2018 година. Хардверот и софтверот се исклучително корисни, за хардверот се потребни антивирус верзии

кои се планирани за набавка во текот на 2018 година, досега се евидентирани 3 мали дефекти на 2 деск и 1 лаптоп компјутер кои беа отстранети. Целата набавка е под мониторинг на Одделението за IPA-МЖСПП, надворешна ревизија од страна на Делегацијата на ЕУ во Македонија, потоа Агенцијата за ревизија на IPA помошта и Министерството за финансии како централен контрактор на сите договори за финансиска помош на институциите. Од наодите не се евидентирани недостатоци, освен препораката за одржливост во однос на сервис и обнова на хардвер и софтвер.

### 3.5. Управување со финансиски и нефинансиски ресурси

Буџетот за 2017 година изнесуваше 15.4 милиони денари од кои средства околу 12-тина милиони денари се за месечен надомест за плати на вработените, а останатата сума е за одделни ставки согласно буџетскиот план. Останатата сума не е ни оддблиску доволна за непречено извршување на сите витални функции согласно барањата на инспекциската служба од било каков аспект и покривање на расходите, а служат за наем на канцеларии, комунални услуги, струја, вода, греење и реализација на најнеопходните јавни набавки, бензин, регистрација и осигурување на службени возила, телефони-мобилни и фиксни, интернет услуги и канцелариски материјали. Поради немање посебно финансово одделение сметководственото и трезорско работење се одвива со надворешна консалтинг фирма, а покрај немање кадар за финансиско работење, не постои ниту правник, ИТ Лице и дополнителен административен кадар итн. што го отежнува нормалното функционирање на Инспекторатот во делот на финансиите.

Буџетот на ДИЖС споредeн со буџетите на останатите 13 државни инспекторати е во групата на последни три инспекторати.

Инспекторатото поседува 10 возила-дизел ПЕЖО 208 нови и 1 старо возило кои се во функција, а за нивното користење беше изготвена процедура за користење на истите со евиденција на километражата за секое возило која ја води секое задолжено лице, постои сервис и осигурување на возилата согласно Планот за јавни набавки. Во рамки на редовниот Годишен Попис, возилата вкупно 11 кои се надвор од употреба согласно процедура ќе бидат оттуѓени и нема да се водат како средства кои ги користи ДИЖС. Истите согласно законската регулатива беа вештачени од Бирото за судски вештачења заради утврдување на вредноста на истите.

Од страна на IPA Одделението при МЖСПП како и Агенцијата за ревизија на странска помош од ЕУ во текот на 2017 година е извршена ревизија за одржливоста и правилното користење на ЕУ помошта и немаше никакви забелешки во однос на користење на возилата.

Дел од добиената опрема од набавката од ЕУ Проектот од 2016 година која е во сопственост на ДИЖС и служи за индикативни мерења на води со Договор за заедничко користење на опремата е доделен на стручни институции и тоа Центрите за јавно здравје Скопје, Битола, Тетово и Велес, Универзитетот Гоце Делчев Штип, Хидробилошкиот Институт Охрид, ХС Стрежево-Битола, ХС Пехчево и ХС Лисиче-Велес, Чашка, а одржана е посебна обука за лаборантите во Велес, април 2017 година.

Во прилог на Годишниот Извештај е поместен Извештај за Приходи и Расходи во текот на годината-Биланс на приходи и расходи за период 01.01-31.12.2017 година.

# 4. Човечки ресурси

## 4.1. Основи

-ПРАВИЛНИК за внатрешна организација на Државниот инспекторат за животна средина, декември 2015 година 04-5762/1.
-ПРАВИЛНИК за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за животна средина, декември 2015 година 04-5762/1.

Во текот на 2017 година не е вршена промена на постоечката внатрешна организација и систематизација.

## 4.2.Број на вработени

| Вид на вработени | Вкупен број на вработени на крајот од годината | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 |
| Инспектори | 17 | 17 | 19 | 20 |
| Административни службеници | 6 | 6 | 5 | 3 |
| Директор | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | 24 | 24 | 25 | 24 |

Инспекциските надзори се реализирани со 17 државни инспектори, односно 15 државни инспектори за животна средина (од кои 1 е раководител на одделение, а 1 се врати на работното место во ДИЖС во последниот квартал, претходни 4 години беше градоначалник), 1 државен инспектор за заштита на природата и 1 водостопански инспектор. Останатите 6 се административни службеници.

Во однос на останатите години кај инспекторите претходно во 2016 имавме 1 државен инспектор заминат во пензија, 1 си замина во странство, во 2015 година 1 заминување во пензија, 1 работеше на Твининг проектот како Постојан Домашен Советник), а во делот на административните службеници, во 2016 по завршување на Твининг Проектот 1 инспектор премина во Секторот за координација на работата на ДИЖС како администартивен службеник, 1 административен службеник во 2015 година си замина во странство, 1

инспектор поради одлука на ОЈО беше прераспореден во 2016 година да врши административни работи.

### 4.3. Обуки и стручно оспособување

Сите инспектори успежно го положија испитот за лиценца за еден од трите видови инспектори кој беше организиран согласно Законот за инспекциски надзор од страна на Инспекцискиот Совет, при што се стекнаа со потребните лиценци, а некои од инспекторите положија и за останати вид на инспектор во рамки на ДИЖС, додека 1 административен службеник од ДИЖС положи и се стекна со лиценца за еден од трите видови инспектори во рамки на ДИЖС.

| | Година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 |
| Број на обуки и стручно оспособување | 3 | 25 | 25 | 7 |
| Број на учесници | 12 | 20 | 20 | 7 |
| од тоа инспектори | 10 | 17 | 17 | 5 |
| Вкупно времетраење на обуките (во часови, 1ден=6 часа) | 1ден/2 дена/3дена | 1 ден/2 дена/три дена | 1 ден/2 дена/три дена | 1 ден/2 дена/3 дена |

**<u>Листа на обуки</u>**

<u>2017</u>

1.Закон за општа управна постапка, Реформи во инспекциски систем, USAID Проект, Скопје еднодневна обука з аинспекторите од Скопје, Гостивар, Куманово и Тетово.

2.Обука за криминал во животната средина, ЕУ TECUM Проект, 2 работилници, првата во јуни Рим, Италија 3 дена, втората октомври Ден Хаг, Холандија, два дена

<u>ЕУ Твининг Проект, јануари 2015-август 2016</u>

| Назив на обуката | Цел на обуката | Организатор | Обучувач | Место | Целна група | Бр. на учесници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Планирање и фреквенција на инспекција, Интегриран Ризик-Методологија, Изготвување | Зајакнување на административниот капацитет на ДИЖС за спроведу | Твининг проект | ЕУ | Скопје и останати градови во РМ | Инспектори | Сите вработени во ДИЖС |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| на Водичи за инспекција на индустриски капацитети, Градење на капацитети на Тимот, Пополнување Листи за проверка, Обврски и права на Инспектори и Индустрија, Изготвување на извештаи до засегната јавност, комуникација со јавноста итн. | вање на законодавството | | | | | |

2014

- Обука во х. Континентал, Скопје од Проектот Симулација на Преговори Поглавје 27 Животна средина (25-26.03.2014)

- Обука Во тимот на Зелен IRI Стручен Извешртај-Контрола, IMPEL на Романската Инспекција за природа, Тулча, Букурешт од 1-5.09.2014 година,

- Обука од Мрежа TAIEX-ECRAN за Инспекциски надзор во Индустрија (10-12.09.2014 година, Х.Арка и посета на Пивара Скопје)
- Учество на Обука за Слободен пристап на информации од јавен карактер (30.10.2014).
- Учество на Обука организирана од страна на EnvCRIME Net-Мрежа за Криминал на животна средина ЕУПОЛ (18-21.11.2014) во Хаг, Холандија.

- Учество на еднодневна работилница-обука за спроведување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување во Виница 12.12,
- Обука-Работилница за птици и ветерни електрани во Хотел Порта, Скопје 12.12.2014 год.

### 4.4.Интегритет

Согласно податоците со кои располага Државниот Инспекторат за животна средина не се пријавени жалби/претставки и поплаки за работа на инспекторите во извештајната и трите претходни години, а исто така не се спроведени ниту постапки за утврдување постоење на дисциплинска одговорност, ниту се изречени дисциплински мерки.

### 4.5. Наградување и унапредување

Во Инспекторатот во текот на 2017 и три години наназад нема инспектори односно административни службеници кои биле наградени или унапредени.

## 5. Инспекциски надзор

### 5.1. Административен капацитет за вршење на инспекциски надзор

Во рамки на ЕУ Твининг Проектот од 2015-2016 година беа изготвени разни упатства за водење на инспекциската постапка, листи за проверка, а беше изготвен и предлог за синергија и комуникација со Дата Системот на ДИЖС и МЖСПП односно изготвување на процедура за размена на податоци, а една од активностите во рамки на Проектот и една од компонентите беше користењето на алатката при планирање на идните надзори и Методологијата базирана на ризик идентично како што ја користат сите инспекциски служби во ЕУ во делот на инспекции во животната средина. Оваа алатка сеуште е во тест фаза и процена е дека истата ќе отпочне да се користи во текот на втората половина на 2018 година. Во однос на останата ИКТ опрема информацијата е содржана во делот наменет за ИКТ системи.

### 5.2. Остварување на претпоставките за проценките на ризици во областите на инспекциски надлежности

Во рамки на Твининг Проектот се изготви и процедура за одржливост, односно самоевалуација и анализа на спроведувањето на законодавството. Од аспект на македонско законодавство, 2015 година беше прва година со изготвување на

квартални планови, извештаи итн., обврските беа реализирани и во 2016 и 2017 година и потребно е да помине минимум циклус на три до пет години кога се работи согласно исти обрасци и методологија за да може воопшто да се пристапи кон анализа на позитивните и негативните елементи при надзорите и инспекциските активности, а во овој момент цениме дека е невозможно да се направи анализа од многу причини (неиздадени интегрирани еколошки дозволи, незаокружено законодавство, до 2018 година немање доволно финансии, недостаток на вработени, унапредувања на вработените) што и досега беше главна причина за незадоволителното ниво на спроведување на законодавството), бидејќи овие четири години, 2014-2017 година за ДИЖС беа години на транзициски активности на инспекторатот и промена на начинот и пристапот на вршење инспекциски надзор, а се очекува тоа да биде и во 2018 година. Секој друг пристап е само симулација која не е базирана на реални основи. Генерално планираните надзори согласно каврталните планови на инспекторите се реализирани, а областите за кои има зголемен ризик сеуште остануваат инсталациите кои потпаѓаат во групата на интегрирани еколошки дозволи, областа управување со отпадот, депонирањето и воспоставувањето на системот за собирање, транспорт, третман, рециклирање и реупотреба на отпадот, квалитетот на амбиентниот воздух, водите.

### 5.3. Координирани инспекциски надзори

Во текот на 2017 година во 2 наврати беа спроведени координирани надзори заеднички со Државниот Инспекторат за Транспорт и МВР во делот од надзорот кај прекуграничен транспорт на отпад.

Во вториот квартал на 2017 година Државниот инспекторат за животна средина има реализирано заеднички координиран инспекциски надзор со Државниот Инспекторат за Транспорт, МВР и Царина на граничните премини Табановце, Ново Село, Ќафасан, Богородица, Деве Баир во рамки на активностите на Интерпол за контрола на прекуграничниот транспорт на отпад (Опасен).

Во четвртиот квартал на 2017 година Државниот инспекторат за животна средина има реализирано заеднички координиран инспекциски надзор со Државниот Инспекторат за Транспорт, МВР и Царина на граничните премини

Србија-Табановце и Косово-Блаце во рамки на активностите на Еуропол за контрола на прекуграничниот транспорт на отпад (Опасен). Реализирани се вкупно 11 заеднички инспекциски координирани надзори, при што не се констатирани неправилности согласно легислативата. Од страна на Македонската Царина и Гранична Полиција при детален преглед на камион од Косово за влез во Македонија е пронајден пакет со 1 тон Канабис сатива, скриен во 839 пакувања во Камион од македонски правен субјект кој пренесувал отпадна хартија и картон. Против правниот субјект кој се јавува како увозник и возачот е отворена постапка согласно царинските и прописите од аспект на МВР.

| Број на координирани надзори | Назив на инспекциски служби со кои е вршен координиран надзор | Области во кои е вршен координиран надзор | Број на субјекти кај кои е вршен координиран надзор |
|---|---|---|---|
| 28 (месец јуни) ИНТЕРПОЛ | МВР, Царина и Државен Инспекторат за Транспорт | Прекуграничен транспорт на отпад и управување со отпад | 28 |
| 11 (месец ноември) ЕУПОЛ | МВР, Царина и Државен Инспекторат за Транспорт | Прекуграничен Транспорт на отпад | 11 |

## 5.4. Инспекциски надзор

### 5.4.1. Записници за инспекциски надзор

| | Година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | | | 2016 | | | 2015 | | | 2014 | | |
| | Р | К | В | Р | К | В | Р | К | В | Р+К+В | | |
| Број на планирани инспекциски надзори | 1.971 | 109 | 32 | 2.075 | 111 | 10 | 2.647 | 123 | 0 | 3.091 | | |
| Број на записници за извршени надзори | 1.725 | 275 | 451 | 1.629 | 345 | 413 | 2.211 | 551 | 855 | | | |
| Просечен број на записници по инспектор | | | | | | | | | | | | |

*За 2014 година Годишниот Извештај е работен по стариот Правилник и не се поделени надзорите на редовни, контролни и вонредни.

*Податокот за просечен број на записници по инспектор не е вметнат од причина што постојат три видови инспектори и секој има посебни области за надзор, цениме дека овој податок како таков нема да може да биде релеванетен за понатамошни анализи.

Генерално образложение за разликата во бројот на планирани редовни надзори и реализирани редовни надзори е дека е евидентно зголемувањето на контролните (кога има наоди при редовните надзори), како и вонредните надзори за сите три години наназад, со што инспекторите наместо реализација на планираните надзори, реализирале зголемен број на контролни односно вонредни надзори (кои се реализираат по претставка, инцидент, задолженија од Влада, Интерресорска Работна Група за воздух, отпад, здравје и животна средина, Инспекциски Совет итн).

### 5.4.2. Записници со запрена постапка

| | Година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 | |
| Број на записници кај кои постапката е запрена со инспекциски акт | 2.451 | 2.387 | 3.617 | 3.091 | |
| Број на записници кај кои постапката е запрена без инспекциски акт | - | - | - | - | |
| Вкупно | | | | | |

*Во табелата се поместени сите реализирани инспекциски надзори по сите основи (редовни, контролни, вонредни) кои се реализирани по години и кај сите надзори постапката е завршена со Записник за констатција при контролен надзор, односно со Заклучок за запирање на постапката кога беше во сила овој акт од инспекциска постапка согласно Законот за инспекциски надзор.

### 5.4.3. Инспекциски мерки и санкции

| | Година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 |
| Број на донесени решенија во инспекциска постапка | 278 | 274 | 584 | 394 |
| % на учество во вкупниот број записници | 11 | 11 | 15 | 13 |
| Број на спроведени едукации | 5 | 4 | 2 | 0 |
| % на учество во вкупниот број записници | 0.2 | 0.17 | 0.06 | 0 |
| Број на изречени мандатни казни | 6 | 18 | 14 | - |
| % на учество во вкупниот број записници | 0.25 | 0.75 | 0.39 | - |
| Број на доставени платни налози | 6 | 18 | 14 | - |
| % на учество во вкупниот број записници | 0.25 | 0.75 | 0.39 | - |
| Вкупен број на прекршочни пријави | 24 | 23 | 29 | 72 |
| % на учество во вкупниот број записници | 0.98 | 0.96 | 0.8 | 2.33 |
| Вкупен број на кривични пријави | 1 | 0 | 1 | 0 |
| % на учество во вкупниот број записници | 0.04 | 0 | 0.03 | 0 |
| Вкупен број на записници за привремено одземени предмети | 1 | 0 | 0 | 0 |
| видови на привремено одземени предмети | Камион, Багер, Мотор од сепарација | 0 | 0 | 0 |
| количини на привремено одземени предмети | По 1 од сите | 0 | 0 | 0 |

### 5.4.4. Субјекти на инспекциски надзор

Во текот на 2017 година се извршени надзори во 135 т.н А-ИСКЗ инсталации, 54 депонии без законски стандарди, 71 ЈКП-а, 20-тина водостопански претпријатија, 81 општина, 3 национални паркови, а согласно законодавството од областа на отпадот се извршени надзори кај правни субјекти кои подлежат на законите од областа со електронски отпад 30, батерии и акумулатори 30, 8 колективни постапувачи со отпад од пакување, батерии и акумулатори, електронски и електричен отпад, 100 складови за секундарна суровина, 850 субјекти кои подлежат на отпад од пакување).

| | Година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 | |
| Број на физички субјекти на надзор | - | - | - | - | |
| Број на правни субјекти на надзор | 1.350 | 1.350 | 1.350 | 1.350 | |
| Вкупно | 1.350 | 1.350 | 1.350 | 1.350 | |

### 5.4.5. Инспекциски надзори по закони

| Назив на законот | Година | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 | |
| Вкупен број на записници за извршен инспекциски надзор | 2.451 | 2.387 | 3.617 | 3.091 | 11.546 |
| Број на запрени постапки | - | - | - | - | - |
| Број на изречени инспекциски мерки | 346 | 319 | 670 | 466 | 1.801 |
| Број на спроведени едукации | 5 | 4 | 2 | - | 11 |
| Број на изречени манадни казни | 6 | 0 | 14 | - | 20 |
| Број на изречени платни налози | 6 | 18 | 14 | - | 38 |
| Број на прекршочни пријави | 24 | 23 | 29 | 72 | 148 |
| Број на кривични пријави | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 |

| Ред.бр. | Закон | Број на извршени инспекциски надзори (2016) | Број на извршени инспекциски надзори (2017) |
|---|---|---|---|
| 1 | Закон за животната средина | 729 | 879 |
| 2 | Закон за заштита на природата | 118 | 106 |
| 3 | Закон за управување со отпад | 835 | 735 |
| 4 | Закон за управување со пакување и отпад од пакување | 443 | 388 |
| 5 | Закон за води | 214 | 289 |
| 6 | Закон за управување со електрична и електронска опрема и електрична и електронска отпадна опрема | 17 | 13 |
| 7 | Закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори | 23 | 14 |
| 8 | Закон за квалитет на амбиенталниот воздух | 5 | 18 |
| 9 | Закон за заштита од бучавата во животна средина | 2 | 8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | Закон за минерални суровини | 1 | 0 |
| 11 | Закон за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини | 0 | 1 |
| | ВКУПНО | 2.387 | 2.451 |

### 5.4.6. Статус на инспекциски решенија и прекршочни и кривични пријави

*-Број и старост на записници за извршен инспекциски надзор кај кои има основа, **но не е донесено инспекциско решение** или иницирана постапка за санкционирање-за извештајна и претходна година*

НЕМА

*-Број на застарени предмети со состојба на крајот на извештајната година*

НЕМА

**-Во текот на 2017 година се реализирани вкупно 278 решенија во инспекциска постапка, во 2016 година вкупно 274, 584 во 2015 година и 394 во текот на 2014 година.**

*-Број на поднесени **прекршочни пријави** и учество во вкупниот број на записници-во извештајната година и претходните 2016, 2015 и 2014 година*

**Во текот на 2014 година има 72 барања за поведување прекршочна постапка, а во текот на 2015 година 29 барања. Во 2016 година се изготвени 23 барања за поведување прекршочна постапка, а во текот на извештајната 2017 година се поднесени 24 барања за поведување прекршочна постапка.**

*-Број на поднесени **кривични пријави** и учество во вкупниот број на записници-во извештајната година и претходните 2016, 2015 и 2014 година*

**Во текот на 2014 година нема поведени кривични постапки, а во 2015 година е поднесено барање за 1 кривична постапка. Во 2016 година нема ниту едно барање за кривична постапка, а во 2017 година е поднесено 1 барање за кривична постапка.**

# 6.ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА

## 6.1. Односи со медиумите

| | Година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | | | | |
| Број на доставени соопштенија до електронските и печатените медиуми | 10 | | | | |
| Број на објавени репортажи | 3+Фејсбук континуирано по десетици објави дневно | | | | |
| Број на одржани прес конференции | 2 | | | | |
| Број на одговори на новинарски прашања | 50 | | | | |

### 6.2. Интернет страница

Во рамки на Твининг Проектот во мај 2015 година Инспекторатот доби посебна Интернет страница на која засегнатата јавност може да се информира за текот на проектот и останати информации за Инспекторатот, www.sei.gov.mk.

Страницата во текот на 2017 година не беше обновувана поради немање соодветно лице за нејзино одржување, се очекува истата да биде ставена во целосна динамика и функција во текот на 2018 година.

### 6.3. Пријавени неправилности

| | Година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 |
| Вкупен број на пријавени неправилности за работата на инспекторите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| преку бесплатен телефонски број | ДИЖС нема бесплатен телефонски број | - | - | - |
| електронски адреси | - | - | - | - |
| писма | - | - | - | - |

### 6.4. Граѓански дневник

Платформата Граѓански дневник во текот на 2017 година не беше сеуште устроена, се очекува таа да биде достапна во текот на 2018 година, откако ќе биде ставена во функција Интернет страницата, каде ќе има псоебен модул Граѓански Дневник.

### 6.5. Претставки и предлози  и слободен пристап до информации

| | Година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 |
| Број на примени претставки и предлози | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на барања за пристап до информации | 2 | 1 | 1 | 2 |
| Број на одговорени барања | 2 | 1 | 1 | 2 |

### 6.6. Соработка со други инспекциски служби и државни институции

Инспекторатот службено соработува со повеќе инспекторати и други институции, како и со неформалната Мрежа на Инспектори за животна средина на локално ниво, потоа ЗЕЛС, Полиција, Царина, Центарот за управување со кризи-ЦУК, АРМ, Дирекцијата за заштита на спасување-ДЗС, преку учества на заеднички симулациски вежби, размена на податоци итн.

### 6.7. Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите

ДИЖС обрнува посебно внимание на односите со бизнис заедницата со Стопанските Комори (3), како и соработката со одредени Кластери, институции од различен аспект итн. На годишно ниво се одржуваат повеќе десетици состаноци, обуки пред се со членките на Стопанската Комора на РМ.

## 6.8. Меѓународна соработка

На полето на меѓународните активности, Инспекторатот активно учествува на повеќе настани во рамки на ЕУ-IMPEL (Мрежата за применливост и спроведување на европското законодавство за животна средина), а на крајот на 2017 година отпочнаа два EU Interreg-Balkanmed проекти каде на едниот ДИЖС е партнер со Општина Софија како лидер на проектот, Општина Солун, Универзитетот Аристотел од Солун, Институт за истражување од Кипар и Општина Тирана, за квалитет на амбиентниот воздух (пилот град Охрид), а на вториот ДИЖС е обсервер за проект кој се однсеува на мапирање на водни живеалишта, заедно со Шумарски факултет-Софија како лидер на проектот, институции од Грција, Кипар, Албанија и Факултетот за Туризам и угостителство од Охрид како македонски партнер.

## 6.9. Соработка со образовни и научни институции

Во текот на 2017 година беше нагласена соработката со Факултет за Безбедност, во делот за Еколошки Криминал при УКЛО Битола, како и Институтот за социолошки и политичко-правни стражувања при УКИМ Скопје.

Се очекува потпишување официјални меморандуми за соработка, како и проширување на соработката со останати образовни и научни институции.

В.Д Директор

Архивски Број ________________
Место и датум
Скопје, 28 Февруари, 2018 година

Мирослав Богдановски

Изработиле: Имрије Лума Мемеди, Дарко Блинков

Одобрил: Дарко Блинков

Доставено до:

-Инспекциски совет
-Архива